**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3447/**

# З А П И С Н И К

**Од 186.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 19.05.2022 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Косана Мазнева Николиќ и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Мери Попова-Шеф на Евровизиска делегација.

***186.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

**1.** Разгледување и усвојување на записникот од 185.седница на Програмски совет на МРТ.

**2.** Информација по повод скандалот со нашата претставничка на „Песна за Евровизија"-Торино 2022.

**3.** Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.

**4.** Разно.

**ТОЧКА1: Разгледување и усвојување на записникот од 185.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 185.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 185.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 185.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Информација по повод скандалот со нашата претставничка на „Песна за Евровизија“-Торино 2022.**
По однос на оваа точка беше повикана да се вклучи во расправата Мери Попова Шефица на Евровизиската делегација, која во продолжение ја даде следнава информација по повод предметниот настан:
-Во однос на настанот кој предизвика лавина реакции во македонската јавност, а се однесуваа на појавувањето на нашата претставничка на тиркизниот ќилим на свеченото отворање на Евровизија, информирам дека, согласно правилата на организаторот, на „тиркизниот ќилим“ требаше да се појават само Андреа со придружните вокали, шефот на делегација Мери Попова и уште еден член од делегацијата, односно во овој случај Александар Масевски како автор на песната. Останатиот дел од делгацијата дојде подоцна директно на свеченото отворање. Сè се случи навистина многу брзо. Протоколите и организацијата налагаа по 30 секунди официјално фотографирање за сите евровизиски претставници. Андреа беше упатена на позиција за фотографирање, а останатиот дел од делегацијата на тиркизниот ќилим беше пренасочен и тргнат на сосема спротивна страна, зад камерите, со оглед на директниот пренос. Потенцирам дека воопшто не стануваше збор за нечија лична желба, кој сака или не сака да биде на пунктот за фотографирање, туку сценарио и организација на многубројната екипа на РАИ. Во моментот кога од Андреа од присутните фотографи било побарано и фотографија без знамето, Андреа немајќи на кого да го подаде знамето, едноставно не успеа да изреагира поинаку во еуфоријата и под притисок на протоколот, со што во тој момент одлучува да го поттурне знамето по тиркизниот ќилим. Андреа потоа си го зема знамето и продолжи на средбите и интервјуата со сите други многубројни присутни медиуми. Несаканиот инцидент нема во никој случај да го оценам како “(зло)намерен” од нејзина страна, од причина што за сите тие денови на подготовки во Торино, Андреа секогаш со гордост говореше за Македонија, со македонското знаме во преден план. Впрочем, тоа може да се забележи и на бројните фотографии и видео снимки на социјалните мрежи. Уште во текот на вечерта, од Андреа побаравме да го образложи моментот, при што се сними и видео порака во која Андреа се извини кон македонската јавност за немилиот настан, а истата порака беше емитувана на МТВ во вечерните вести.

<u>Андреа изјава:</u> „Сакав да направам една кратка изјава, од овде, од отворањето, затоа што видов што сè пишува по медиумите и едноставно не ми се верува, затоа што последните неколку денови единственото нешто што го правев е гордо се движев насекаде и го покажував Македонското знаме, но во момент каде што ме снимаше камерата и каде што ме фотографираа побараа од мене да го нема македонското знаме. (во видео снимката се счуша како и викаат – „а сега без знаме“). Делегацијата навистина беше далеку од мене и јас одлучив во момент да го фрлам знамето. Не беше од омраза, затоа што јас сум горда што доаѓам од тука и затоа ми е малце бесмислено зошто се случува ова. Навистина сум тука за да ја претставам Македонија во најдобро светло и навистина се надевам дека можеме да продолжиме во ова евровизиско искуство со позитива. Тука сме да уживаме, тука сме да делиме страст и се надевам дека можеме така да продилжиме. Не ми беше никаква намера да навредам некого, ако го направив тоа - се извинувам. Го носам со мене знамето насекаде каде што одам и навистина се надевам дека можеме да поминеме преку ова“.

И покрај големиот притисок и предизвикан стрес кон Андреа и тимот, како и неизвесноста од евентуално повлекување од Евровизија, тимот и Андреа продолжија со тековните проби, а потоа и настап во Второто Полуфинале, каде нашата претставничка Андреа Коевска ја изведе беспрекорно и со голема сигурност и самодоверба композицијата Circles, забележувајќи и покрај невлегувањето во финалето, еден од најдобрите пласмани за земјата во последните 10 години, односно 11-то место од вкупно 18 земји, со што Андреа не избори пласман во финалето за само една позиција.

Ведат Мемедалија заменик претседатела на Програмскиот совет на МРТ смета дека не може секоја година да има скандал со нашиот претставник и за тоа да се префрла вината од делегацијата на МРТ.Мери Попова одговори дека постојат правила и протокол за однесување таму и немаше можност некој да биде до нејзе, никој не ја префрла вината, но за туѓи постапки не знам кој би можел да одговара.

Ристе Панов истака дека ја затсапува тезата да се донесат Правила за избор на претставник и песна кои би биле базирани врз волјата на јавноста, но треба да имаме предвид дали сме ограничени од ЕБУ за тоа.Мери Попова одговори дека ЕБУ нема никакви ограничувања што се однесува до изборот на национална песна и претставник, и според своите услови и буџет може да донесе свој начин на избор секој јавен радиодифузен сервис засебно.

Ивана Трајковска истакна дека се согласува со Мери оти Евровизија е една голема забава, но и дека ние секоја година мора да направиме некаков „циркус". Таа потенцираше дека оваа година МРТ испрати многу неискусен и премлад претставник. Се поставува прашањето, кој го брифира претставникот на Евровизија од МРТ, во однос на кодексот на однесување и претставување на државата, пред заминувањето во државата каде што се одржува Евросонг. Трајковска, забележува на начинот на комуницирање со медиуми бидејќи имаше конфузни соопштенија. Едното од МРТ, другото од „Фокус". На крај, Трајковска прашува – „Каде вие го гледате проблемот како шефица на делегацијата во сиве овие неуспеси што се провлекуваат со години?".Мери одговори дека проблемот лично го гледа можеби во оплеменување на цел овој проект преку постојани дебати, начини и објаснувања на јавноста заеднички да го подржиме својот претставник на било каков начин.
Што се однесува до целиот настан пред и после, Попова кажа дека ние од Културно-уметничката редакција на МТВ цело време ја подготвуваме подолг период пред Евровизијата, и за однесување, и што ја очекува таму, и на крај за самиот настап таму.

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац даде коментар дека мора да пазиме на моментот дека јавноста е крива за нешто, не може јавноста да биде крива за нешто, и не треба тимот од МРТ да чека од некој да ја покани претставничката дали во емисија,дали за некакво интервју или на било каков настан, сериозен тим или делегација мора да го организира целиот ПР на претставничката.И ние мора да ја слушаме јавноста бидејќи ние сме јавен радиодифузен сервис а ние како совет сме претставници на јавноста, ако таа бара јавен избор значи треба да има јавен избор.

Јагнула Куновска истакна дека не треба да се напаѓа Мери Попова бидејќи нема никаква вина и не може таа да влегува во субјективниот однос на кој било таму што ја претставува Македонија. Куновска вели, дека тој став е личен на Андреа, и дека не ја правда што има 22 години, а тоа исто така, вели Куновска, се однесува и на минатата година кога избравме личност што недолично ја претстави Македонија на тој избор тогаш. Заклучува, дека работата лежи во личноста што ја избираме, не треба да се избере некој што релативно добро пее и знае прилично добро да се однесува. „Не може ние да испраќаме луѓе со уличарски манири и да очекуваме некој да им кажува како да се однесуваат и да им ја затвораат устата или слично, тоа е одлика на нашата младина и не е прашање и не може да биде прашање на организацијата од МТВ", истакна Куновска.

Вели, мора да продолжиме да настапуваме таму, но со достоинствени претставници, и дека кај нас има низа на непочитување на симболите од луѓе кои се одговорни и треба службено да ги почитуваат симболите на државата, а ние сме се „фатиле“ за претставничката на Евровизија.

По однос на оваа точка беше предложен следниов Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Менаџментот на МРТ и Евровизиската Делегација на МРТ во рок од 15 дена да изготват анализа на досегашните слабости во организацијата и учеството на Евровизија и предлог за решавање, подобрување и успешно учество за наредната година.
-Заклучокот беше едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување на Информација по Заклучок со бр.02-2139/6 од 31.03.2022 година.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше усвоено повторно да се побара Информацијата за дописниците на МТВ од уредничките Анета Андонова и Мигена Горенца.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред немаше пристигнато материјали за расправа.

Седницата заврши во 14:20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател